Ст.бр.32/2025

Р.

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Трговец поединец за трговија на мало ТП „ЗЕЛЕНО ПАЗАРЧЕ - ХРИСТИЈАН“ Злате Илија Трајкоски Кичево, по одржаната расправа, во присуство на полномошникот на должникот Адвокат М-р Душко Аврамоски од Кичево и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 18.11.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Трговец поединец за трговија на мало ТП „ЗЕЛЕНО ПАЗАРЧЕ -ХРИСТИЈАН“ Злате Илија Трајкоски Кичево, со седиште ул. „Борис Кидрич“ бр. 27 Кичево, ЕМБС 7557515 и ЕДБ МК4012021503750, основано 15.12.2021 година, со приоритетна дејност 47.11 Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун, со трансакциска сметка со број: 290000002440086 при ТТК БАНКА АД Скопје, **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се **ЗАКЛУЧУВА.**

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, ТТК БАНКА АД Скопје, да ја згасне трансакциската сметка на должникот 290000002440086 а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – должникот, преку полномошникот Адвокат М-р Душко Аврамоски од Кичево на ден 14.10.2025 година, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Трговец поединец за трговија на мало ТП „ЗЕЛЕНО ПАЗАРЧЕ - ХРИСТИЈАН“ Злате Илија Трајкоски Кичево, повикувајќи се на тоа дека должникот е неликвиден и не може да ја продолжи дејноста.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 18.11.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека сметката на должникот е блокирана повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 32/2025 од 18.11.2025 година.**

**Стечаен судија,**
**Илјаз Исмаили**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

**ДНА:** Предлагачот – полномошник Адвокат Душко Аврамоски од Кичево, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и ТТК БАНКА АД Скопје.